Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање

Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање
Ѓуро Стругар бр:5 ,4 кат
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3297 540
(02) 3297 690
Факс: (02) 3224 824
Е-пошта: contact@ufr.gov.mk
Сајт: www.ufr.gov.mk

Број. 04 - 40/51/18/
Дата: 02/07/2018, Скопје

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам ( "Службен весник на РМ " бр. 130/14, 192/15 и 27/16 и 83/18 ), а во врска со јавниот оглас бр.04-40/1 (18) објавен во дневните весници "Слободен печат","Независен" и "Коха", за вработување на овластени службени лица во Министерство за финансии – Управа за финансиско разузнавање, директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

## О Д Л У К А

***за избор на 1 извршители - за работно место помлад разузнавач за меѓународна соработка***

1. За извршител на работно место помлад разузнавач за меѓународна соработка во Одделението за меѓународна соработка, во Секторот за надзор, регулатива и меѓународна соработка во Управата за финансиско разузнавање се избира кандидатот Александар Вујиќ.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### *О б р а з л о ж е н и е*

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на директорот на Управата за финансиско разузнавање бр.04-40/47 (18) од 06.06.2018 година во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по огласот за вработување на финансиски разузнавач бр.04-40/1 (18) објавен во дневните весници "Слободен печат","Независен" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место.

По спроведената постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа

со предлог за избор на кандидат за вработување на работно место помлад разузнавач за меѓународна соработка во Одделението за меѓународна соработка, во Секторот за надзор, регулатива и меѓународна соработка Управата за финансиско разузнавање.

Врз основа на записникот бр. 04-40/50 (18) од работата на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач во Управата за финансиско разузнавање, Директорот на Управата за финансиско разузнавање одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По завршувањето на постапката за избор Директорот на Управата за финансиско разузнавање ќе донесе решение за вработување.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Управата за финансиско разузнавање.

ДИРЕКТОР
Блажо Трендафилов

ДОСТАВЕНО ДО:

- Агенцијата за администрација
- Архива